SZQ-0920-052_v01

ОКТА Рафинерија на н...
Акционерско друштво
Бр. 0203-491/24
27. 02. 2024 год.
Скопје 1

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за работата на Службата за интерна ревизија во 2023 година**

**ОКТА АД - Скопје**
**Служба за интерна ревизија**
**Февруари 2024г.**

**Вовед**

Врз основа на член 415-в од Законот за трговски друштва, Службата за интерна ревизија на ОКТА АД – Скопје, ("Службата") поднесува Годишен Извештај за нејзиното работење во 2023година.

Согласно одредбите во соодветните акти, извештајот за работењето на Службата ги содржи следните информации:

- Опис на извршените ревизии на работењето на компанијата
- Оценка на адекватноста и ефикасноста на системот за внатрешна контрола
- Наоди и препораки од извршени ревизии
- Оценка на спроведувањето на препораките предложени од страна на Службата
- Оценка на реализацијата на целите, утврдени со Годишниот план за работа
- Информација за други активности

**Опис на извршените ревизии на работењето на компанијата**

Во текот на 2023г, Службата ги реализираше активностите предвидени со Годишниот план за работа. Планираните сегменти и деловни процеси беа проверени вршејќи 4 (четири) одделни ревизии, фокусирајќи се на контрола на одделни процеси во секој сектор поединечно и на нашата примарна цел, т.е. верификација на компаниските процедури. Дополнително, Службата по сопствено убедување и на барање на менаџментот изврши и 4 (четири) вонредни ревизии. Освен ревизиите, Службата вршеше и следење на имплементацијата на препораките предложени во врска со наоди идентификувани во 2019г, 2021г, 2022г и препораките од 2023г, чии рокови беа во рамки на периодот на работа на овој Извештај.

Активностите на Службата беа реализирани од страна на 3 (тројца) ревизори.

**Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола**

Интерната ревизија како континуиран процес кој се спроведува на сите нивоа во компанијата е фокусирана во насока на обезбедување разумно уверување за постигнувањето на следните цели: зголемување на ефикасноста на вкупното компаниско работење, усогласеност на оперативното работење со интерните политики на компанијата и со легислативата, како и подобрување на ефикасноста на управувањето со процесите.

При евалуацијата на адекватноста и ефикасноста на системот за внатрешна контрола, Службата се раководеше според следните компоненти и цели:

- Ревидираните процеси и активности да бидат регулирани со интерни политики и процедури и во согласност со легислативата;
- Правилна поделба на овластувањата и одговорностите во рамки на процесите и активностите;
- Адекватна поддршка на процесите и активностите од страна на информацискиот систем;
- Сигурни и безбедни апликативни решенија во системот, со цел спречување на намерни и/или ненамерни грешки и доволно ефикасни за да ги ублажат ризиците на работењето;
- Системот за внатрешна контрола да ги идентификува можните ризици по работењето на компанијата

**Наоди и препораки од извршени ревизии**

Како резултат на спроведените ревизии во 2023г, имајќи ги предвид идентификуваните ризици, забележавме воведување на подобрувања во одредени процеси, но исто така идентификувавме **30 наоди/неусогласености.** За сите идентификувани наоди беа дадени соодветни препораки. Воедно, напоменуваме дека идентификуваните наоди ги сметаме за детерминирани слабости или слаби контролни точки во процесите. Во таа смисла, имплементацијата на дадените препораки ќе биде предмет на наши понатмошни проверки, бидејќи тие се во насока на подобрување на процесите. Сите идентификувани наоди, за чие решавање е потребно да се постапи веднаш или во кус период беа соодветно проверени од страна на Службата, но информацијата ќе биде дадена во следниот извештај.

**Оцена на спроведувањето на препораките предложени од страна на Службата**

Останатата една препорака од 2019г беше проверена и истата е решена. Во врска со препораките дадени на наоди идентификувани во 2021г, информираме дека 36 од вкупно 37 наоди се решени, додека 1 е сеуште во тек. Статистиката од следењето на препораките на наоди од 2022г. е 41 решена и 1 во тек на решавање, од вкупно 42 дадени препораки. Што се однесува на препораките дадени на наоди идентификувани во првото полугодие на 2023г, информираме дека 10 од вкупно 11 препораки се решени и 1 е во тек на имплементација. Останатите препораки, кои сеуште се во тек, остануваат да бидат предмет на наше понатамошно следење до нивна целосна реализација. Резултатите ќе бидат дадени во нашиот следен извештај.

**Оцена на реализацијата на целите, утврдени со годишниот план за работа во 2023г**

Во рамки на расположивото време и ресурси, Службата во целост ги реализираше целите утврдени со Годишниот план за работа.

**Информација за други активности**

Освен редовните ревизии, во 2023г. Службата дополнително изврши и 4 (четири) вонредни ревизии по наше убедување и на барање на менаџментот. Во текот на годината, Службата активно учествуваше во подготовка и ажурирање на процедури во многу сегменти во компанијата. Дополнително, членовите на тимот во неколку наврати учествуваа во дискусии на различни теми, каде беше побарано нашето видување, основано на претходно искуство и знаење. Нашите предлози беа во насока да се постапува превентивно, пред финализирање и воведување на заклучоци.

Сите вработените учествуваа на обуки од различни области, организирани од ЗВРМ, каде Службата е активен член, со цел континуирано подобрување на знаењето и квалитетот при вршењето на интерната ревизија.

**Заклучок:**

Согласно Годишниот план за работа на Службата во 2023г, креиран врз основа на утврдените ризични области во Матрицата за проценка на ризици на компанијата, подготвена од страна на директно одговорните, Службата вршеше ревизии на активностите кои припаѓаат на потенцираните сегменти.

По извршените ревизии, вклучувајќи ги тука и вонредните ревизии и направените проверки на документацијата која ги подржува и/или произлегува при активностите во сегментите кои беа предмет на нашите ревизии, а имајќи ја предвид и нужноста од усогласеност со релевантната легислатива, можеме да кажеме дека компанијата дизајнирала и вовела механизми за контрола на процесите. Идентификуваните отстапувања во тестираните области се од различна природа и најчесто се однесуваат на случаи каде контролите не се во целост применети или се однесуваат на непочитување на процедурите. Менаџерите ги прифатија нашите препораки и поставените рокови за постапување.

Генерално, во однос на процесите кои беа предмет на ревизија, можеме да кажеме дека компанијата ги идентификувала потенцијалните ризици и вовела контроли во насока на ублажување на клучните ризици. Практично, имплементацијата на дадените препораки ќе придонесе кон подобрување на процесите, засилување на контролните механизми и намалување на ризиците во работењето на компанијата. Нашата примарна цел останува да биде обезбедување на уверување во ефикасното функционирање на системот за внатрешна контрола, како и вклученост во евентуално подобрување на истиот.

Февруари 2024г.

Служба за интерна ревизија
Татјана Лазаревска
менаџер

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 0 Акционерско друштво